Република Северна Македонија

## Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој

Сектор за управување со човечки ресурси

Врз основа на член 12 став 1, алинеја 8 од Законот за основање на Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој („Службен весник на Република Македонија" број 72/2007, 5/2009, 43/2014, 193/2015, 39/2016 и 164/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 190/2019), член 22 став 1, алинеја 2, став 8, став 13 и став 14 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија„ бр. 27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018 и 198/2018) и („Службен весник на Република Северна Македонија„ бр. 143/2019, 14/2020, 302/2020, 208/2024 и 210/2024), во врска со член 4 став 5 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија„ бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018) и („Службен весник на Република Северна Македонија„ бр. 275/2019 и 14/2020, 2015/21, 99/22, 208/24 и 210/24), и членовите 21, 22, 23 и 46 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија„ бр. 62/05, 16/10, 52/12, 54/13, 34/14, 74/15, 167/15, 120/18, 110/19, 267/20, 151/21, 288/21, 111/23, 39/25, 74/25, 124/25), а по спроведената постапка по Јавен оглас број 02/2026 од 20.08.2026 година, директорот на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој ја донесе следната

### О Д Л У К А
за избор на кандидат за вработување

1. За извршител на работното место Помлад соработник за подготовка и преглед на документација, одделение за одобрување на инвестиции во преработка и маркетинг на земјоделски производи, сектор за одобрување на проекти (ИПАРД) се избира лицето Наташа Станојковска.
2. Од избраниот извршител од точка 1 на оваа Одлука, секторот за управување со човечки ресурси на Агенцијата, да побара да достави докази за исполнување на општите и посебни услови за вработување наведени во Јавниот оглас за вработување 02/2026 од 20.08.2026 година.
3. По доставувањето на доказите, со избраниот извршител од точка 1 на оваа Одлука да се склучи договор за вработување на определено време до 31.12.2026 година.
4. За оваа одлука да се известат кандидатите кои не се избрани.
5. Оваа Одлука стапува на сила со денот на нејзиното потпишување.

### О б р а з л о ж е н и е

Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој на 20.08.2026 година објави Јавен оглас број 02/2026 за вработување на еден извршител на определено работно време во дневните весници „Нова Македонија" и „Коха", како и на интернет страната на Агенцијата.

По спроведената административна селекција и интервју, согласно член 12 став 1, алинеја 8 од Законот за основање на Агенцијата и член 21 од Законот за работните односи, во врска со член 22 став 1, став 8, став 13 и став 14 од Законот за вработените во јавниот сектор, се одлучи како во диспозитивот. Договорот се склучува при исполнети законски услови и обезбедена финансиска согласност согласно член 22 став 13 од последнонаведениот закон.

Решено во АФПЗРР Скопје, на ден __.__.2026 година, под бр. 04-1223/6

02 -09- 2026

**Д И Р Е К Т О Р**

**м.п.**

**Даниела Иротова Лазарева**

Доставено до:
- именуваниот/а,
- одделение за управување со човечки ресурси, и
- архива.

Подготвил: Влатко Серафимовски

Одобрил: Ангелина Јовановска Илиевски

Агенција за финансиска подршка во земјоделството и руралниот развој

Бул.3-та Мкедонска Бригада бр.20 , 1000 Скопје, Република Северна Македонија

Тел.+389(0) 2 3097450
Фах. +389 (0)2 3097454
е-пошта:ipardpa.info@ipardpa.gov.mk
Сајт: www.ipardpa.gov.mk

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015